**Guess the Painting in Macedonian 🎨**
Listening & Vocabulary Practice

**Здраво на сите,**
*Hello everyone,*

**Во ова видео, ќе ви покажам слики од македонски уметници.**
*In this video, I will show you paintings by Macedonian artists.*

**Ќе ви покажам слики од уметниците Никола Мартиноски, Лазар Личеноски и Димитар Кондовски.**
*I will show you paintings by the artists Nikola Martinoski, Lazar Lichenoski, and Dimitar Kondovski.*

**Ќе ви покажам три слики од секој од овие уметници и ќе опишам само една слика.**
*I will show you three paintings by each of these artists, and I will describe only one painting.*

**Вие ќе треба да погодите за која слика станува збор, на која слика мислам.**
*You will have to guess which picture it's about, which picture I am thinking of.*

**Така, ќе проверите колку разбирате, но исто така, ќе научите и нови зборови. Ајде да почнеме!**
*So, you will check how much you understand, and also, you will learn new words. Let's get started!*




**На оваа слика гледам една жена.**

*In this painting, I see a woman.*

**Жената има црна коса, црни очи, црни веѓи.**

*The woman has black hair, black eyes, and black eyebrows.*

**Има мал нос и мала уста.**

*She has a small nose and a small mouth.*

**На главата носи марама.**

*On her head, she is wearing a headscarf.*

**Таа е облечена во бело.**

*She is dressed in white.*

**Носи бела облека.**

*She is wearing white clothing.*

**Можеби е бела кошула или бел фустан.**

*It might be a white shirt or a white dress.*

**Таа има рамнодушен поглед.**

*She has an indifferent look.*

**Не знам што чувствува.**

*I don’t know what she’s feeling.*

**Изгледа малку уморно.**

*She looks a bit tired.*

**Изгледа уморно.**

*She looks tired.*

**Можеби е уморна.**

*Maybe she is tired.*

**Но, не знам што чувствува.**

*But I don’t know what she’s feeling.*

**Дали погодивте?**

*Did you guess it?*

**Станува збор за слика број еден.**

*We’re talking about painting number one.*




**На оваа слика, гледам една куќа со црвен покрив.**

*In this picture, I see a house with a red roof.*

**Гледам и оџак.**

*I see a chimney too.*

**Всушност, гледам два оџака.**

*Actually, I see two chimneys.*

**Еден, два оџака.**

*One, two chimneys.*

**Гледам и прозорци.**

*I see windows too.*

**Оваа куќа има еден, два, три, четири, пет прозорци на едната страна...**
*This house has one, two, three, four, five windows on one side...*

**...и на другата страна, можеби, има уште еден прозорец.**
*...and on the other side, maybe, there's one more window.*

**Оваа куќа има и ограда.**
*This house also has a fence.*

**Гледам, од едната страна, една врата.**
*I see, on one side, a door.*

**Една сина врата.**
*One blue door.*

**Од другата страна на оградата, гледам две врати.**
*On the other side of the fence, I see two doors.*

**Гледам исто така и дрвја.**
*I also see trees.*

**Многу зелени дрвја наоколу.**
*A lot of green trees around.*

**Изгледа како мала градина или парк.**
*It looks like a small garden or park.*

**Има многу дрвја и изгледа дека има мала градина зад куќата или шума, шумичка.**
*There are many trees, and it looks like there's a small garden behind the house or a forest, a little forest.*

**Се гледа малку и улицата.**

*You can see a bit of the street too.*

**Можам да видам и тротоар околу куќата.**

*I can also see a sidewalk around the house.*

**И гледам една бандера пред куќата.**

*And I see a pole in front of the house.*

**Дали погодивте?**

*Did you guess it?*

**Ова е слика број три.**

*This is picture number three.*




**И за крај, гледам еден човек.**

*And finally, I see a man.*

**Еден маж.**

*A man.*

**Овој човек носи костум.**

*This man is wearing a suit.*

**Носи син костум и бела кошула.**

*He’s wearing a blue suit and a white shirt.*

**Тој носи бела кошула.**

*He is wearing a white shirt.*

**Тој има костенлива коса.**

*He has chestnut-colored hair.*

**Кафеава.**

*Brown.*

**Кафеави веѓи, кафеави очи.**

*Brown eyebrows, brown eyes.*

**Можеби црни очи.**

*Maybe black eyes.*

**Во устата има едно дрвено, кафеаво луле.**

*In his mouth, there is a wooden, brown pipe.*

**Има едно луле.**

*He has a pipe.*

**Пуши тутун.**

*He is smoking tobacco.*

**Во џебот на костумот има бело марамче.**

*In the suit pocket, there is a white handkerchief.*

**Неговите раце се потпрени на нозете.**

*His hands are resting on his legs.*

**Левата рака му е потпрена на левата нога, а десната рака е потпрена на десната нога.**

*His left hand is resting on his left leg, and his right hand is resting on his right leg.*

**Дали знаете на која слика мислам?**

*Do you know which picture I have in mind?*

**Тоа е слика број еден.**
*That is picture number one.*

***

**Се надевам дека успеавте да разберете.**
I hope you were able to understand.

**Ова беше одлична проверка на разбирање, на тоа колку разбирате.**
This was a great comprehension check—to see how much you understand.

**И, се надевам дека научивте нови зборови.**
And I hope you learned some new words.

**Пишете коментар кои зборови ги разбравте и кои зборови ги научивте.**
Write a comment (about) which words you understood and which words you learned.

**Се гледаме наскоро со повеќе материјали за учење. Чао, чао!**
See you soon with more learning materials. Bye, bye!